Националниот совет за евроинтеграции на Дванаесеттата седница одржана на 29 јануари 2010 година, ја разгледа Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010 и врз основа на расправата, со консензус ги усвои следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Националниот совет за евроинтеграции ја повторува определбата од Петтата седница одржана на 6 мај 2009 година, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010;

2. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за навремено реализирање на сите законски, административни и буџетски обврски што произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010. Заради реализација на НПАА ревизија-2010, Советот ги повикува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија да ги интензивираат консултациите со сите инволвирани субјекти, во насока на подобрување на фазата на подготовка и донесувањето на законите, како и заради подобра примена на законите.

3. Согласно предвидените рокови за донесување на законските проекти на Владата на Република Македонија, Советот укажува на неопходноста за навремено доставување на работните текстови на законите, со цел Советот соодветно да ја реализира превземената обврска за организирање на јавни расправи по определени закони, утврдени во Анексот 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година;

4. Врз база на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Националниот совет за евроинтеграции го ревидира Анексот 1 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година, донесено на седницата на Советот одржана на 25 декември 2009 година.

5. Овие заклучоци заедно со забелешките на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции изнесени на седницата да се достават до Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија и да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.